Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп

Бр. 202/2268
28.12 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва и членот 32 став 1 точка 7 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, Управниот одбор на друштвото на својата 38та седница на ден 28.12.2020 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Услови за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд**
**(WLUL 6/2020)**

**член 1**

Се прифаќа предлогот измена и дополнување на Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд.

**член 2**

Се менува насловот на условите кој ќе гласи:
"Услови за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд (WLUL 7/2020)"

**член 3**

Во членот 38, после ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои ќе гласат:
"3. Даночната регулатива која се однесува на договорите за осигурување на живот е пропишана во Закон за данок на личен доход, Закон за данок на добивка и Закон за ДДВ. Со промените во даночната регулатива се менуваат и основите за пресметување на даночните обврски кај договорите за осигурување на живот.
4. Согласно законот за ДДВ, член 23, точка 6, дејноста осигурување е ослободена од плаќање данок без право на одбиток на претходен данок."

**член 4**

Пречистениот текст на Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд е дел на оваа одлука.

**член 5**

Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето.

**член 6**

Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд треба да се достават до Агенцијата за супервизија за осигурување, во рок од 5 дена од усвојувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, со цел појаснување на одредбите од Услови за животно осигурување поврзано со инвестициски фонд, кои се однесуваат на даночните обврски по однос на договорите за осигурување, ги дополнува условите со одредби кои на осигурениците и договорувачите на осигурувањето ќе им дадат јасна слика по однос на ова прашање.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ - Виена Иншуренс Груп Скопје**
**Претседател на Управен одбор**
Дарко Дедиќ

**Член на Управен одбор**
Мартин Теов

Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ
WINNER Life
VIENNA INSURANCE GROUP
СКОПЈЕ
Виена Иншуренс Груп